НАЦРТ

# ЗАПИСНИК

од Педесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 11 март 2025 година

Скопје, март 2025 година

**З А П И С Н И К**
**од Педесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 11 март 2025 година**

Седницата започна во 13:00 часот.

На седницата претседаваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација, Борко Ристовски, министер за спорт и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Хасим Муртезани.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и д-р Астрит Исени, заменик на министерот за внатрешни работи, м-р Ален Деребан, заменик на министерот за правда, м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, м-р Мирослав Лабудовиќ, заменик на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади и д-р Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт.

На седницата присуствуваа и м-р Ивица Томовски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Марија Митева и Венера Љатифи Азизи, портпароли на Владата на Република Северна Македонија, Максим Ацевски, главен државен ревизор, Игор Лазаровски, директор на Управата за хидрометеоролошки работи и Дејан Кошутиќ, директор на Железници на Република Северна Македонија – транспорт – Скопје.

Од седницата отсуствуваа Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини и Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади.

*

*           *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

-Усвојување на Записникот од Педесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 25 февруари 2025 година

-Усвојување на Записникот од Педесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 26 февруари 2025 година

-Усвојување на Записникот од Педесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 28 февруари 2025 година

-Усвојување на Записникот од Педесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 6 март 2025 година

1. Конечен извештај за извршена ревизија на усогласеност на тема основен Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година

2. Конечни извештаи за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Управа за хидрометереолошки работи (сметка на основен буџет 637, сметка на буџет на донации 785, сметка на буџет од самофинансирачки активности 787 и сметка на основен буџет 631)

3. Годишна сметка за работењето, Извештај за работењето и Финансиски извештај за работењето на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје, за период од 1.1.2023 година до 31.12.2023 година, со Извештај на независниот ревизор, дополнување и предлог-одлуки

4. Информација во врска со Анекс Договор бр.1 кон Договорот за доделување на државна помош, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Друштвото за производство на хидраулична опрема и услуги Витек Македонија ДОО Илинден и Витило с.п.а (Vitillo s.p.a), бр.13-356/1 од 14.2.2022 година, со Предлог - одлука и текст на Анекс Договор бр.1

5. Полугодишен извештај за работата на Агенцијата за храна и ветеринарство за 2024 година

6. Предлог - програма за изменување и дополнување на Програмата за статистички истражувања за периодот 2023-2027 година

7. Предлог - одлука за формирање на Координативно тело за изготвување на Национална стратегија за безбедност на сообраќајот на патиштата 2024 - 2029 година

8. Барање за доделување на трајно користење на недвижна ствар-објект, Планинарска кула на Титов врв, сопственост на Република Северна Македонија на Федерација за планинарство на Северна Македонија, со дополнување и Предлог-одлука

9. Предлог - одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Имотен лист бр. 18860)

10. Предлог – одлука за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на ЕВН Македонија, Акционерско друштво за услуги, Скопје

11. Предлог – одлука за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Општина Куманово

12. Предлог – одлука за престанок на користење на недвижна ствар на Министерство за образование и наука

13. Предлог-одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Е2.1 – Автобуска станица)

14. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 5 февруари 2025 година до 11 февруари 2025 година

15. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 12 февруари 2025 година до 18 февруари 2025 година

16. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 19 февруари 2025 година до 25 февруари 2025 година

17. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 5 февруари 2025 година до 11 февруари 2025 година

18. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 12 февруари 2025 година до 18 февруари 2025 година

19. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 19 февруари 2025 година до 25 февруари 2025 година

20. Предлог – одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (Седумдесет и втора одлука)

21. Предлог-одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (седумдесет и четврта одлука)

22. Предлог-одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (седумдесет и петта одлука)

23. Предлог-одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (седумдесет и седма одлука)

24. Предлог-одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (за изградба на патен правец А1: Прилеп – Градско)

25. Предлог - одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (за изградба на патен правец А1: Автопат А4, делница ГП „Блаце" - Скопје)

26. Предлог - одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (изградба на Државен пат А4 делница Струмица-Дабиље)

27. Предлог - одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (седма одлука)

28. Предлог - одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У.бр.43/19)

29. Предлог - одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У.бр.6/25)

30. Предлог на програма за изменување и дополнување на Среднорочната програма за формирање, чување, обновување и користење на стоковните резерви за период 2021-2025 година

31. Информација за потребата од донесување на Одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерство за финансии, со Предлог-одлука

32. Информација за изработка на геодетски елаборат по службена должност од страна на Агенција за катастар на недвижности за објектот доделен на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, со Предлог – одлука

33. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Илија Сокаровски, ул .„Јован Планински" бр.16, Кавадарци, со Предлог-одлука

34. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Ристе Златевски ул.Словенска бр.38, Кавадарци, со Предлог-одлука

35. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Живан Попов ул. „Игман" бр.48, Кавадарци, со Предлог – одлука

36. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Илија Сокаровски ул.Јован Планински бр.16, Кавадарци со Предлог-одлука

37. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Даниела Сокаровска ул.„Јован Планински" бр.16, Кавадарци, со Предлог-одлука

38. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Атанаса Донова, ул. Партизанска бр. 246, Неготино, со Предлог-одлука

39. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Кристијан Трифунов ул. „Браќа Миладинови" бр.8 Гевгелија, со Предлог-одлука

40. Предлог- деловникот за работа на Комисијата за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост

41. Предлог – одлука за укинување на увозната давачка - царинска стапка за живински и птичји јајца во лушпа, свежи, конзервирани или варени

42. Предлог – одлука за давање согласност за изградба на државен пат на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

43. Предлог – одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Чашка

44. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за надворешни работи

45. Информација за потпишување на Рамковна конвенција на Советот на Европа за вештачка интелигенција и човекови права, демократија и владеење на правото, со текст на Рамковна конвенција

46 Информација за проблемите со кадровската (не)екипираност на Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права.

47. Информација за склучување на Договор за финансирање меѓу Програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП) и Владата на Република Северна Македонија и склучување Меморандум за соработка меѓу Програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП) и Владата на Република Северна Македонија, со усогласен текст на Меморандум

48. Предлог – одлука за реализација на вежбовна активност „CMX 25" во Република Северна Македонија

49. Информација за подготовка на Деветнаесеттиот состанок на Поткомитетот за правда, слобода и безбедност меѓу Република Северна Македонија и Европската Унија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација кој ќе се одржи на 13 и 14 март 2025 година во Брисел, со прилози

50. Предлог – одлука за отповикување на генерален конзул и шеф на Генералниот конзулат на Република Северна Македонија во Комонвелтот Австралија, со седиште во Мелбурн

51. Предлог – одлука за еднострано времено укинување на визите за краткорочен престој за државјаните на Тајван

52. Предлог – одлука за изменување на Одлуката за формирање на Национален координативен центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал

53. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за медиуми

54. Предлог на закон за изменување на Законот за употреба на знаковниот јазик

55. Предлог на закон за изменување на Законот за инвалидски организации

56. Предлог на закон за изменување на Законот за социјална сигурност за старите лица

57. Информација за отворање на „Една точка за услуги“ во Општина Штип

58. Информација за процесот на идентификација на најбарани услуги за граѓани и бизниси

59. Информација за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за набавка на антиретровирусни лекови за ХИВ-инфекција за периодот јуни 2025 – јуни 2027 година

60. Информација за повеќегодишна јавна набавка за изведба на потпорен ѕид на Универзитетски клинички центар „Мајка Тереза“ кон ул. „Белградска“

61. Информација за преземање на потпрограмата Медиа на Креативна Европа 2021-2027 од Агенцијата за филм на Република Северна Македонија во надлежност на Министерството за култура и туризам заради обезбедување услови за натамошна соработка со Европската Унија и реализација на програмата Креативна Европа 2021–2027

62. Информација за одбележување на 80-годишнина од кодификацијата на македонскиот стандарден јазик, со Програма

63. Информација за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС) по „Образовни науки“ на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Св. Климент Охридски“-Битола, со Предлог-решение

64. Предлог - програма за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејното насилство и на Црвениот крст на Република Северна Македонија од приходите од игри на среќа и од забавни игри во 2025 година и Предлог - одлука за распоредување на приходите од игри на среќа и од забавните игри во 2025 година за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејно насилство и Црвениот крст на Република Северна Македонија

65. Предлог – одлука за формирање на Комисија за билатерална соработка во областа на социјалното осигурување

66. Предлог – одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Државното средно училиште - Регионален центар за стручно образование и обука „Киро Бурназ" Куманово

67. Предлог – одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за образование и наука - Биро за развој на образованието

68. Предлог – одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Државното средно училиште - Регионален центар за стручно образование и обука „Коле Неделковски" – Велес

69. Барање за давање на автентично толкување на член 353 од Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17 и 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 36/23 и 188/23), поднесено од пратеникот Силвана Ангелевска

70. Барање за давање на автентично толкување на член 3 точка 4-а) од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр.28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.290/20, 215/21 и 99/22), поднесено од пратеникот Златко Пенков

71. Годишна програма за работата на Државниот завод за ревизија за 2025 година

72. Извештај за работата на Регулаторната комисија за домување за период од 1.7.2024 до 31.12.2024 година

73. Иницијатива од Славко Лазовски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.218/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 23 точка 11 во делот „од страна на установи" од Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија" број 44/99, 59/99, 86/99, 11/00, 93/00, 8/01, 31/01, 21/03, 17/04, 19/04, 13/06, 33/06, 45/06, 101/06, 114/07, 103/08, 114/09, 133/09, 95/10, 102/10, 24/11, 135/11, 135/11, 155/12, 12/14, 112/14, 130/14, 177/14, 15/15, 129/15, 129/15, 225/15, 23/16, 189/16, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19, 98/19, 124/19, 275/19, 82/20, 267/20, 163/21, 57/22, 199/23)

74. Иницијатива поднесена од Адвокатско друштво Поленак од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.273/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста на членот 7 ставови 3 и 4 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија" бр.24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16, 178/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.251/22) и Автентичното толкување на членот 7 ставови 2, 3 и 4 од истиот закон, објавено во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.168/24

75. Иницијатива поднесена од Друштво за приредување интернет игри на среќа Државна лотарија - Моззарт ДОО Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.274/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста на членот 7 став 3 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија" бр.24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16, 178/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.251/22) и Автентично толкување на членот 7 ставови 2, 3 и 4 од истиот закон, објавено во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.168/24

76.Прашања и предлози

77.Кадровски прашања

78. Информација за одржаниот осумнаесетти Поткомитет за правда, слобода и безбедност меѓу Република Северна Македонија и Европската унија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација кој се одржа на 5 и 6 март 2024 година во Скопје, со прилог

79. Тримесечен извештај за работењето на Железници на Република Северна Македонија – Транспорт А.Д. – Скопје, за период 1.10.2023 – 31.12.2023 година

80. Тримесечен извештај за работењето на Железници на Република Северна Македонија – Транспорт АД – Скопје, за период од 1 јануари до 31 март 2024 година, со дополнување

81. Тримесечен извештај за работењето на Железници на Република Северна Македонија– Транспорт АД Скопје за периодот 1.4.–30.6.2024 година

82. Тримесечен извештај за работењето на Железници на Република Северна Македонија– Транспорт АД Скопје за периодот 1.7.–30.9.2024 година

83. Акциски план по Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност „Користење на здравствени услуги за радиолошка дијагностика со магнетна резонанса"

84. Информација за кадровската екипираност на инспекциските служби во Република Северна Македонија, со План за доекипирање за периодот 2025 – 2026 година

85. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 26 февруари 2025 година до 4 март 2025 година

86. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 25 февруари 2025 година до 4 март 2025 година

87. Извештај за завршени преговори за усогласување на текстот на Спогодбата меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Азербејџан за ослободување од визи на носителите на дипломатски и службени пасоши, со усогласен текст на Спогодба

88. Извештај за завршени преговори за склучување на Спогодбата меѓу Република Северна Македонија и Европската инвестициска банка во однос на основањето на претставништво на Европската инвестициска банка во Северна Македонија, со усогласен текст на Спогодба

89. Предлог – одлука за утврдување на цената за базата на прописи во електронска форма преку мобилна апликација, на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија ц.о. Скопје, со Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на цената за базата на прописи во електронска форма преку мобилна апликација, на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија ц.о. Скопје

90. Информација за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија, со предлог-одлуки

91. Предлог – одлука за престанок и за давање на времено користење на движна ствар на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија (патничко моторно возило – мерцедес)

92. Предлог – одлука за престанок и за давање на времено користење на движна ствар на Министерство за внатрешни работи - Биро за јавна безбедност

93. Предлог – одлука за престанок и за давање на времено користење на движна ствар на Министерство за правда-Управа за извршување на санкциите

94. Предлог – одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Дирекција за технолошки индустриски развојни зони

95. Информација за подготовка на придонес кон Извештајот на Европската комисија за 2025 година

96. Информација за статусот на подготовка на првото известување за имплементација на Реформската агенда 2024-2027 со барање за ослободување на средства, со прилози

97. Информација за изменување и дополнување на Уредбата за спроведување на Царинскиот закон, со Предлог – уредба

98. Информација за потребата од зголемување на платите на работниците во Министерството за внатрешни работи

99. Информација за формирање на работна група за преземање конкретни активности во врска со препораките во Мислењето од Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, за утврдена директна дискриминација врз основа на етничка припадност, социјално потекло и имотен статус во областа на домување и социјална заштита, кон жителите на населбата Тунел-бараки во Општина Велес, со Предлог – решение

*
*   *

Владата без забелешки ги усвои Записникот од Педесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 25 февруари 2025 година, Записникот од Педесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 26 февруари 2025 година, Записникот од Педесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 28 февруари 2025 година и Записникот од Педесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 6 март 2025 година.

*
*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на усогласеност на тема основен Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година, како материјал за информирање.

Истовремено, се задолжува Министерството за финансии да подготви акциски план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Државниот завод за ревизија и во рок од 30 дена истиот да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

**<u>Точка 2</u>**

Владата ги разгледа Конечните извештаи за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Управа за хидрометереолошки работи (сметка на основен буџет 637, сметка на буџет на донации 785, сметка на буџет од самофинансирачки активности 787 и сметка на основен буџет 631), како материјал за информирање.

Истовремено, се задолжува Управата за хидрометереолошки работи, да подготви акциски план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Државниот завод за ревизија и во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

**<u>Точка 3</u>**

Владата ги разгледа Годишната сметка за работењето, Извештајот за работењето и Финансискиот извештај за работењето на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје, за период од 1.1.2023 година до 31.12.2023 година, со Извештај на независниот ревизор, дополнување и предлог-одлуки и ги донесе следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за одобрување на Годишната сметка за работењето на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје за период од 1.1.2023 година до 31.12.2023 година.

2. Ја донесе Одлуката за одобрување на Извештајот за работењето на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје за период од 1.1.2023 година до 31.12.2023 година.

3. Ја донесе Одлуката за одобрување на Финансискиот извештај за работењето на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје за период од 1.1.2023 година до 31.12.2023 година.

Истовремено, Владата го задолжи Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје, да подготви и во рок од 30 дена, до Владата да достави информација со акциски план за надминување на забелешките од ревизорот.

**<u>Точка 4</u>**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Анекс Договор бр.1 кон Договорот за доделување на државна помош, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Друштвото за производство

на хидраулична опрема и услуги Витек Македонија ДОО Илинден и Витило с.п.а (Vitillo s.p.a), бр.13-356/1 од 14.2.2022 година, со Предлог - одлука и текст на Анекс Договор бр.1, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Анекс Договорот бр.1 кон Договорот за доделување на државна помош, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Друштвото за производство на хидраулична опрема и услуги Витек Македонија ДОО Илинден и Витило с.п.а (vitillo s.p.a), бр.13-356/1 од 14.2.2022 година.

**Точка 5**

Владата го разгледа и го усвои Полугодишниот извештај за работата на Агенцијата за храна и ветеринарство за 2024 година.

**Точка 6**

Владата ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за статистички истражувања за периодот 2023-2027 година.

**Точка 7**

Владата ја одложи од разгледување Предлог - одлуката за формирање на Координативно тело за изготвување на Национална стратегија за безбедност на сообраќајот на патиштата 2024 - 2029 година, за наредната седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 8**

Владата по Барањето за доделување на трајно користење на недвижна ствар-објект, Планинарска кула на Титов врв, сопственост на Република Северна Македонија на Федерација за планинарство на Северна Македонија, со дополнување и Предлог-одлука, ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Федерацијата за планинарство на Северна Македонија-Скопје.

Истовремено, Владата заклучи:

1. Се укажува на Федерацијата за планинарство на Северна Македонија–Скопје, во соработка со Министерството за спорт, во рок од 30 дена, да подготви и до Владата да достави извештај за начинот на користење на планинарските домови кои се во државна сопственост.

2. Се укажува на Федерацијата за планинарство на Северна Македонија–Скопје во иднина своите активности да ги реализира во соработка со Министерството за спорт.

**Точка 9**

Владата ја донесе Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Имотен лист бр. 18860).

**Точка 10**

Владата, ја донесе Одлуката за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на ЕВН Македонија, Акционерско друштво за услуги, Скопје.

**Точка 11**

Владата ја донесе Одлуката за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Општина Куманово.

**Точка 12**

Владата ја донесе Одлуката за престанок на користење на недвижна ствар на Министерство за образование и наука.

По влегување во сила на горенаведената Одлука и нејзиното спроведување во Катастарот на недвижности, Владата да ја разгледа Одлуката за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Општина Аеродром.

**Точка 13**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Е2.1 – Автобуска станица), поради потребата од дополнителни усогласувања со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 14**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 5 февруари 2025 година до 11 февруари 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 15**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 12 февруари 2025 година до 18 февруари 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 16**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 19 февруари 2025 година до 25 февруари 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 17

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 5 февруари 2025 година до 11 февруари 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 18

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 12 февруари 2025 година до 18 февруари 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 19

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 19 февруари 2025 година до 25 февруари 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 20

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (Седумдесет и втора одлука).

Точка 21

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (Седумдесет и четврта одлука) и условно ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Точка 22

Владата ја разгледа  Предлог-одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (седумдесет и петта одлука) и условно ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта, доколку предлагачот го усогласи текстот на Предлог - одлуката со Секретаријатот за законодавство.

Точка 23

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (седумдесет и седма одлука).

Точка 24

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (за изградба на патен правец А1: Прилеп – Градско).

Точка 25

Владата ја разгледа Предлог - одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (за изградба на патен правец А1: Автопат А4, делница ГП „Блаце“ - Скопје) и условно ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта, доколку предлагачот го усогласи текстот на Предлог - одлуката со Секретаријатот за законодавство.

Точка 26

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (изградба на Државен пат А4 делница Струмица-Дабиље).

Точка 27

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (Седма одлука).

Точка 28

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У.бр.43/19).

Точка 29

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У.бр.6/25).

Точка 30

Владата го разгледа Предлогот на програма за изменување и дополнување на Среднорочната програма за формирање, чување, обновување и користење на стоковните резерви за период 2021-2025 година и го утврди со следните заклучоци:

1.Во насловот на Предлогот на програма за изменување и дополнување на Среднорочната програма за формирање, чување, обновување и користење на стоковните резерви за период 2021-2025 година, зборовите „изменување и“ да изостанат.

2. Усогласениот текст на Предлогот на програма да се достави до Собранието на Република Северна Македонија согласно член 68 став 1 алинеја 11 од Уставот на Република Северна Македонија, член 4 став (2) од Законот за стоковните резерви и член 204 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Гордана Димитриеска - Кочоска, министер за финансии и проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, а за повереници Андриана Матлиоска, државен секретар во Министерството за финансии и Месуд Јакупи, директор на Агенцијата за стокови резерви.

Точка 31

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерство за финансии, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за финансии (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

Точка 32

Владата ја разгледа Информацијата за изработка на геодетски елаборат по службена должност од страна на Агенција за катастар на недвижности за објектот доделен на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност во сопственост на Република Северна Македонија.

Точка 33

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Илија Сокаровски, ул .„Јован Планински“ бр.16, Кавадарци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

Точка 34

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Ристе Златевски ул.Словенска бр.38, Кавадарци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

Точка 35

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Живан Попов ул. „Игман“ бр.48, Кавадарци, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

Точка 36

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Илија Сокаровски ул.Јован Планински бр.16, Кавадарци со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

Точка 37

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Даниела Сокаровска ул.„Јован Планински“ бр.16, Кавадарци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 38**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Атанаса Донова, ул. Партизанска бр. 246, Неготино, со Предлог-одлука, ја усвои и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 39**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Кристијан Трифунов ул. „Браќа Миладинови" бр.8 Гевгелија, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 40**

Владата го усвои Деловникот за работа на Комисијата за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост.

**Точка 41**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Предлог – одлуката за укинување на увозната давачка - царинска стапка за живински и птичји јајца во лушпа, свежи, конзервирани или варени, за наредната седница на Владата.

**Точка 42**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за изградба на државен пат на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 43**

Владата ја донесе Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Чашка.

**Точка 44**

Владата на предлог на предлагачот го одложи од разгледување Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за надворешни работи, за наредната седница на Владата.

**Точка 45**

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Рамковна конвенција на Советот на Европа за вештачка интелигенција и човекови права, демократија и владеење на правото, со текст на Рамковна конвенција и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати текстот на Рамковната конвенција на Советот на Европа за вештачка интелигенција и човекови права, демократија и владеење на правото.

2. Се определува Игор Филков, министер за правда, во име на Владата на Република Северна Македонија, да ја потпише Рамковната конвенција на Советот на Европа за вештачка интелигенција и човекови права, демократија и владеење на правото.

## Точка 46

Владата ја разгледа Информацијата за проблемите со кадровската (не)екипираност на Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права, ја усвои и го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија во соработка со Министерството за правда, најдоцна до крајот на март 2025 година, да ѝ предложи решенија на Владата за решавање на проблемот со неекипираност на Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права.

## Точка 47

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за склучување на Договор за финансирање меѓу Програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП) и Владата на Република Северна Македонија и склучување Меморандум за соработка меѓу Програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП) и Владата на Република Северна Македонија, со усогласен текст на Меморандум.

## Точка 48

Владата ја донесе Одлуката за реализација на вежбовна активност „CMX 25“ во Република Северна Македонија.

## Точка 49

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка на Деветнаесеттиот состанок на Поткомитетот за правда, слобода и безбедност меѓу Република Северна Македонија и Европската Унија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација кој ќе се одржи на 13 и 14 март 2025 година во Брисел, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1.За ко-претседавач на Поткомитетот за правда, слобода и безбедност од македонска страна, се назначува за присуствување во Брисел Ева Илиевска, началник на Секторот за преговори и европска интеграција при Министерството за внатрешни работи.

2.Се задолжува Министерството за европски прашања, добиените пишани материјали од институциите, согласно областите опфатени со Поткомитетот за правда, слобода и безбедност и Извештајот за владеење на правото за 2025 година, да ги достави до службите на Европската комисија на англиски јазик до 11 март 2025 година.

3.Даде согласност за објавување на пишаниот придонес на Република Северна Македонија кон Извештајот за владеење на правото за 2025 година на интернет-страницата на Европската комисија.

4.Се задолжува Министерството за европски прашања да ја информира Европската комисија за согласноста за објавување на пишаниот придонес на Република Северна Македонија кон Извештајот за владеење на правото за 2025 година, до 11 март 2025 година.

5. Се задолжува Министерството за европски прашања, во соработка со ко-претседавачката на поткомитетот Ева Илиевска, началник на Секторот за преговори и европска интеграција при Министерството за внатрешни работи, да го утврди составот на делегацијата која ќе учествува на состанокот на Поткомитетот за правда, слобода и безбедност меѓу Република Северна Македонија и Европската Унија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација, кој ќе се одржи на 13 и 14 март 2025 година во Брисел, најдоцна до 11 март 2025 година.

Точка 50

Владата ја разгледа Одлуката за отповикување на генерален конзул и шеф на Генералниот конзулат на Република Северна Македонија во Комонвелтот Австралија, со седиште во Мелбурн.

Точка 51

Владата ја донесе Одлуката за еднострано времено укинување на визите за краткорочен престој за државјаните на Тајван.

Точка 52

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за формирање на Национален координативен центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал.

Точка 53

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за медиуми, го утврди и заклучи, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација и Радослав Настасијевиќ Варџиски, заменик на министерот за дигитална трансформација, а за повереник Гордана Клинчарова, државен секретар во Министерството за дигитална трансформација.

Точка 54

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за употреба на знаковниот јазик, го утврди и заклучи согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади и Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, а за повереници Фатмир Сабриу, државен секретар во Министерството за социјална политика, демографија и млади и Дрита Аслани, државен советник во Министерството за социјална политика, демографија и млади.

Точка 55

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за инвалидски организации, го утврди и заклучи согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади и Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, а за повереници Фатмир Сабриу, државен секретар во Министерството за социјална политика, демографија и млади и Дрита Аслани, државен советник во Министерството за социјална политика, демографија и млади.

Точка 56

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за социјална сигурност за старите лица, го утврди и заклучи согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади и Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, а за повереници Фатмир Сабриу, државен секретар во Министерството за социјална политика, демографија и млади и Дрита Аслани, државен советник во Министерството за социјална политика, демографија и млади.

Точка 57

Владата ја разгледа Информацијата за отворање на „Една точка за услуги" во Општина Штип, ја усвои и го задолжи Министерството за дигитална трансформација да продолжи со активности за реализација на програмските определби за обезбедување на поквалитетни и подостапни услуги за граѓаните и до крајот на март 2025 година да ги обезбеди сите потребни предуслови за отворање на новиот Центар „Една точка за услуги" во Општина Штип.

Точка 58

Владата ја разгледа Информацијата за процесот на идентификација на најбарани услуги за граѓани и бизниси, ја усвои и ги задолжи органите на државната управа, а им укажа на институциите кои немаат статус на органи на државна управа од Прилогот 2 од оваа информација, во рок од пет дена, до Министерството за дигитална трансформација, да достават пополнет „Прашалник до институции за е-услуги".

Точка 59

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за набавка на антиретровирусни лекови за ХИВ-инфекција за периодот јуни 2025 – јуни 2027 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните јуни 2025, 2026 и до јуни 2027 година на Министерството за здравство за набавка на антиретровирусни лекови за лекување на пациенти со ХИВ за период јуни 2025 – јуни 2027 година, во вкупна вредност од 239.000.000,00 денари со вклучен ДДВ, со следната динамика на плаќање:

- 75.000.000,00 денари во 2025 година,
- 99.000.000,00 денари во 2026 година и
- 65.000.000,00 денари во 2027 година,

со укажување Министерството за здравство да ја спроведе набавката согласно потребите и во рамки на максимално одобрените износи на расходи за соодветните фискални години.

3. Се задолжува Министерството за здравство за текот и прогресот на активностите во врска со ова прашање да ја информира Владата на секои девет месеци, се до конечна реализација на набавката.

Точка 60

Владата ја разгледа Информацијата за повеќегодишна јавна набавка за изведба на потпорен ѕид на Универзитетски клинички центар „Мајка Тереза" кон ул. „Белградска" и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства за 2025 и 2026 буџетска година на Министерството за здравство за набавка во вкупна вредност од 18.700.000,00 денари со ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

Средства од Буџет на Република Северна Македонија, сметка 637, програма 1А:

- 7.500.000,00 за 2025 година
- 11.200.000,00 за 2026 година

2. Го задолжи Министерството за финансии да ги обезбеди потребните средства за реализација на наведената набавка во буџетот на Министерството за здравство за 2025 и 2026 година, а Министерството за здравство истите да ги прикаже во соодветните буџетски циркулари.

3. Го задолжи Министерството за здравство да подготви потребна тендерска документација и да објави оглас за јавна набавка за реализација на наведената повеќегодишната набавка.

4. Се укажува на Општина Центар, Град Скопје и Центарот за управување со кризи да отпочнат постапки за проектирање (сообраќаен проект, инфраструктурни проекти) и да обезбедат средства за реализација на истите.

Точка 61

Владата ја разгледа Информацијата за преземање на потпрограмата Медиа на Креативна Европа 2021-2027 од Агенцијата за филм на Република Северна Македонија во надлежност на Министерството за култура и туризам заради обезбедување услови за натамошна соработка со Европската Унија и реализација на програмата Креативна Европа 2021–2027 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за култура и туризам во рок од пет дена да ја информира Извршната агенција за образование и култура при Европската Комисија за потребата од склучување монокориснички грант-договор за Канцеларијата на Креативна Европа во Република Северна Македонија меѓу Министерството за култура и туризам и Извршната агенција за образование и култура.

2.Се задолжува Министерството за култура и туризам во соработка со Агенцијата за филм на Република Северна Македонија во рок од 15 дена да ја спроведе постапката за трансформација на Канцеларијата на Креативна Европа во Република Северна Македонија и до Извршната агенција за образование и култура при Европската комисија да испрати писмо за назначување на Канцеларијата.

3. Се укажува на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија во рок од седум дена до Министерството за култура и туризам да го достави извештајот (наративен и финансиски) согласно Договорот за меѓусебна соработка за реализација на програмата Креативна Европа 2021 – 2027 на Европската Унија, потпишан меѓу Министерството за култура (бр. 37-1789/1) и Агенцијата за филм на Република Севрена Македонија (бр.09-304/1) и да ги исполни обрските кои произлегуваат од повеќекорисничкиот грант-договор за проектот бр. 101101834 – ЦЕД МК.

4. Се задолжува Министерството за финансии во рок од 30 дена повратокот од ИПА средствата за уплата на влезен билет за 2025 година за учество во програмата Креативна Европа (потпрограми Култура и Медиа) да ги префрли на наменската сметка на Министерството за култура и туризам.

**Точка 62**

Владата ја разгледа Информацијата за одбележување на 80-годишнина од кодификацијата на македонскиот стандарден јазик, со Програма и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за образование и наука да обезбеди средства за објавување на третото издание на Правописот на македонскиот јазик во рок од 30 дена.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија да даде инструкција до дипломатско конзуларните претставништва на Република Северна Македонија во странство да стапат во контакт со лекторатите по македонски јазик во земјата на приемот и да организираат настани за одбележување на јубилејот на 5 мај 2025 година.

3. Се укажува на Националната установа Македонски народен театар – Скопје да планира и да реализира свечен настан на 5 мај 2025 година по повод одбележувањето на 80-годишнината од кодификацијата на македонскиот стандарден јазик.

4. Се укажува на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија – Скопје да реализира директен пренос од настанот во НУ Македонски народен театар – Скопје на 5 мај 2025 година.

5. Се задолжува Службата општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија за потребите на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да испечати покани заклучно со 10 април 2025 година, за свечениот настан во НУ Македонскиот народен театар - Скопје, на 5 мај 2025 година.

6. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија на 5 мај 2025 година да подготви коктел за 400 лица, во фоајето на НУ Македонски народен театар – Скопје, по завршување на официјалната програма.

**Точка 63**

Владата ја разгледа Информацијата за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС) по „Образовни науки" на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Св. Климент Охридски"-Битола, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и даде Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС) по „Образовни науки" на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Св. Климент Охридски"-Битола.

**Точка 64**

Владата ги донесе Програмата за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејното насилство и на Црвениот крст на Република Северна Македонија од приходите од игри на среќа и од забавни игри во 2025 година и Одлуката за распоредување на приходите од игри на среќа и од забавните игри во 2025 година за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против

семејно насилство и Црвениот крст на Република Северна Македонија (да се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија", наредниот ден по влегувањето во сила на Програмата).

**Точка 65**

Владата ја донесе Одлуката за формирање на Комисија за билатерална соработка во областа на социјалното осигурување.

**Точка 66**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Државното средно училиште - Регионален центар за стручно образование и обука „Киро Бурназ" Куманово.

**Точка 67**

Владата ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за образование и наука - Биро за развој на образованието.

**Точка 68**

Владата ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Државното средно училиште - Регионален центар за стручно образование и обука „Коле Неделковски" – Велес.

**Точка 69**

Владата го одложи од разгледување Барањето за давање на автентично толкување на член 353 од Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17 и 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 36/23 и 188/23), поднесено од пратеникот Силвана Ангелевска, за наредната седница на Владата, поради потребата Министерството за правда да подготви и до Владата да достави ново мислење на материјалот.

**Точка 70**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Барањето за давање на автентично толкување на член 3 точка 4-а) од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр.28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.290/20, 215/21 и 99/22), поднесено од пратеникот Златко Пенков.

**Точка 71**

Владата ја разгледа Годишната програма за работата на Државниот завод за ревизија за 2025 година и притоа го утврди следното мислење

Согласно член 9 точка 2) од Законот за државната ревизија („Службен весник на Република Македонија" бр.66/10, 145/10, 12/14, 43/14, 154/15, 192/15, 27/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.122/21 и 3/25), главниот државен ревизор ја донесува Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија и истата согласно член 23 став (2) од Законот ја

доставува до Собранието на Република Северна Македонија најдоцна до декември тековната година за наредната година, заради информирање.

Согласно доставената Годишна програма, Државниот завод за ревизија во текот на 2025 година планира да изврши вкупно 78 ревизии, од кои најмалку 61 ревизија се однесуваат на ревизија на регуларност, најмалку 13 ревизии на успешност и 4 ревизии на усогласеност.

Во однос на организационата поставеност, Државниот завод за ревизија, Годишната програма за работа ќе ја реализира со вкупно 125 вработени (овластени државни ревизори, државни ревизори и вработени во секторите за административна поддршка на ревизијата).
Согласно член 12 став (1) од Законот за државната ревизија, средствата за работа на Државниот завод за ревизија се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија.

Планираните финансиски средства за извршување на активностите содржани во Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2025 година изнесуваат 201 милион денари, од кои 82% (164 милиони денари) се за плати и надоместоци на вработените, 15% (31.5 милиони денари) за стоки и услуги, 2,5% (5 милиони денари) за капитални расходи и 0,25% (500 илјади денари) за субвенции и трансфери. Исто така во Годишна програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2025 година планирани се и активности поврзани со меѓународната соработка на Државниот завод за ревизија, како и активности поврзани со обезбедувањето на транспарентност во работењето на Државниот завод за ревизија.

Оттука, по однос на доставената Годишна програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2025 година, Владата на Република Северна Македонија нема забелешки.

**Точка 72**

Владата го одложи разгледувањето на Извештајот за работата на Регулаторната комисија за домување за период од 1.7.2024 до 31.12.2024 година, поради потребата Министерството за транспорт со Министерството за финансии и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје да достави заедничко (обединето) мислење по материјалот.

**Точка 73**

Владата ја разгледа Иницијативата од Славко Лазовски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.218/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 23 точка 11 во делот „од страна на установи" од Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија" број 44/99, 59/99, 86/99, 11/00, 93/00, 8/01, 31/01, 21/03, 17/04, 19/04, 13/06, 33/06, 45/06, 101/06, 114/07, 103/08, 114/09, 133/09, 95/10, 102/10, 24/11, 135/11, 135/11, 155/12, 12/14, 112/14, 130/14, 177/14, 15/15, 129/15, 129/15, 225/15, 23/16, 189/16, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19, 98/19, 124/19, 275/19, 82/20, 267/20, 163/21, 57/22, 199/23) и притоа го утврди следното мислење

Со Иницијативата се поведува постапка за оценување на уставноста на член 23 точка 11 во делот „од страна на установи" од Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија" бр.44/99, 86/99, 8/01, 21/03, 19/04, 33/06, 101/06, 114/07, 103/08, 114/09, 133/09, 95/10, 102/10, 24/11, 135/11, 155/12, 12/14, 112/14, 130/14, 15/15, 129/15, 225/15, 23/16, 189/16, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/19, 124/19, 275/19, 267/20, 163/21 ,57/22 и 199/23).

Имено, подносителот на Иницијативата во членот 23 точка 11 од Законот, која гласи: „Услуги и промет на добра од страна на установи за социјална грижа и заштита, вклучувајќи ги услугите на домови за хоспитализирање, нега и лекување на стари лица", бара да се прогласи дека одредбата од Законот за данокот на додадена вредност не е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија и во одредбата да се укинат во делот (зборовите) „од страна на установи".

Истото од причина што подносителот на Иницијативата смета дека предметниот дел член 23, точка 11 од Законот за данокот на додадена вредност „од страна на установи" е во спротивност со:

Член 8 став (1), трета алинеја од Уставот на Република Северна Македонија, темелни вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија: „владеењето на правото";

Член 8 став (1),шеста алинеја од Уставот на Република Северна Македонија, Собранието на Република Северна Македонија: „правната заштита на сопственоста";

Членот 8 став (1), седма алинеја од Уставот на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија: „слобода на пазарот и претприемништвото";

Член 35 став (1) од Уставот на Република Северна Македонија, Републиката се грижи за социјалната заштита и социјалната сигурност на граѓаните согласно со начелото на социјална праведност. Републиката им гарантира право на помош на немоќните и на неспособните за работа граѓани. Републиката им обезбедува посебна заштита на инвалидните лица и услови за нивно вклучување во општествениот живот.

Во предметната Иницијатива се укажува на релевантните одредби од Законот за данокот на додадена вредност кои се однесуваат на предметот на оданочување и даночен обврзник, при што се наведуваат уставните начела со кои се во спротивност оспорените делови од предметниот член 23, точка 11, се наведуваа дека во даночна постапка не постои дефиниција на поимот даночна дискриминација, се цитира ставот на Судот на правдата на Европската унија.

Во предметната Иницијатива се упатува и на Законот за социјална заштита, како и на Законот за установите од причина предметното ослободување во Законот за данокот на додадена вредност се однесува на социјална грижа и заштита, а како вршител на услугите се пропишани единствено установите.

Дополнително се упатува и на одредбите со кои се регулира ослободувањето на овој вид на услуги, со укажување на поширокото дефинирање на вршителот на услугите, согласно Директивата на Советот 2006/112/ЕЗ за заедничкиот систем на данокот на додадена вредност, како и ограничувањата содржани во Упатството за примена на Законот за данокот на додадена вредност.

Како дел од образложението во однос на предметната Иницијатива се наведуваат недостатоците на одредбата и последиците што настануваат при спроведувањето на системот на данокот на додадена вредност во земјата, едновремено укажувајќи и на односот кон даночни правила на Европската Унија.

Имајќи ги предвид наводите содржани во предметната Иницијатива, Владата на Република Северна Македонија го дава следното мислење:

Со Законот за данокот на додадена вредност се воведува данокот на додадена вредност и се уредува неговото пресметување и плаќање. Данокот на додадена вредност, како општ потрошувачки данок се пресметува и плаќа во сите фази на производството и трговијата, како и во целокупниот услужен сектор, освен ако не е поинаку пропишано со Законот за данокот на додадена вредност.

Согласно Законот за данокот на додадена вредност предмет на оданочување со данокот на додадена вредност е прометот на добра и услуги кој се врши со надоместок во земјата од страна на даночниот обврзник во рамките на неговата стопанска дејност и увозот на добра.

Согласно член 9 став (1) од Законот за данокот на додадена вредност, даночен обврзник е лице кое трајно или повремено самостојно врши стопанска дејност, независно од целите и резултатите од оваа дејност.

Со предметниот Закон се пропишани даночни ослободувања во земјата без право на одбивка на претходниот данок.

Имено, со член 23 од Законот се пропишани даночните ослободувања во земјата без право на одбивка на претходниот данок, каде е содржано и ослободувањето уредено со точката 11 која гласи: „Услуги и промет на добра од страна на установи за социјална грижа и заштита, вклучувајќи ги услугите на домови за хоспитализирање, нега и лекување на стари лица".

Во оваа насока, се укажува на тоа дека по однос на владеењето на правото како темелна вредност која е прецизирана во Уставот на Република Северна Македонија, Законот за данокот на додадена вредност е донесен во потполна согласност со Уставот, како и на тоа дека со донесување на Законот за данокот на додадена вредност создаден е механизам кој има за примарна цел да ја подобри даночната наплата и следење на прометот, но и да спречи даночна евазија во економијата во целина.

Сето ова влијае во насока на спречување на избегнување на плаќањето на даноците на потрошувачка во сиот свој опфат, а со цел заштита на граѓаните и сите физички и правни лица кои редовно ги плаќаат своите давачки и навремено ги исполнуваат своите даночни обврски. Ова, следејќи го примерот на даночната регулатива и даночната политика во земјите во регионот и пошироко.

Воедно, се известува дека Република Северна Македонија како земја кандидат за членство во Европската Унија, иако сеуште нема обврска за целосна хармонизација на домашното законодавство со законодавството на Европската Унија, во однос на Законот за данокот на додадена вредност и неговите подзаконските акти е во најголем дел усогласен со Директивата на советот 2006//112/ЕЗ за заедничкиот систем на данокот на додадена вредност.

Согласно горенаведеното, со одредбите од Законот за данок на додадена вредност, за чија доследна и единствена примена се грижи Министерството за финансии и органите во состав, не се врши дискриминација по ниту еден основ наведен во Уставот на Република Северна Македонија, ниту пак се во спротивност со членовите од Уставот кои се наведени од страна на подносителот на Иницијативата.

Имено, оспорените одредби не задираат и не ги прекршуваат основите човекови права утврдени со Уставот и меѓународното право, туку одредбите кои го уредуваат и прецизираат начинот на плаќањето и враќање на даноците, даночните стапки и даночната обврска, се во насока на почитување на владеењето на правото и правната сигурност.

Воедно, согласно членот 33 од Уставот на Република Северна Македонија, секој е должен да плаќа данок и други јавни давачки и да учествува во намирувањето на јавните расходи на начин утврден со закон, а согласно членот 51 од Уставот, во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Законот за данокот на додадена вредност не ја оспорува еднаквоста на граѓаните, владеењето на правото, основните човекови права, сопственоста, ниту хуманизмот, социјалната правда и

солидарноста, туку напротив со истите се зајакнува правната сигурност и еднаквост како и редовно финансирање на функциите на државата.

Оттука, согласно се претходно наведеното, се смета дека оспорените одредби на членот 23 од Законот за данокот на додадена вредност не се противуставни и не се на штета на даночните обврзници.

Воедно се напоменува дека предметната одредба е предмет на усогласување на домашното со европското законодавство, па токму поради тоа е важна во функционирањето на целокупниот економски систем во земјава и даночната постапка и политика во целост.

Поради тоа, се смета дека не е сторена повреда на членовите 8 став 1 алинеја 3, 6 и 7 и член 35 став (1) од Уставот на Република Македонија, бидејќи со оспореното законско решение не се нарушува принципот на владеење на правото и еднаквост на граѓаните и истото е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија.

Имајќи го предвид сето погоре наведеното, се смета дека оспорениот дел „од страна на установи“ пропишан во член 23, точка 11 од Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр.44/99, 86/99, 8/01, 21/03, 19/04, 33/06, 101/06, 114/07, 103/08, 114/09, 133/09, 95/10, 102/10, 24/11, 135/11, 155/12, 12/14, 112/14, 130/14, 15/15, 129/15, 225/15, 23/16, 189/16, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19, 124/19, 275/19, 267/20, 163/21, 57/22 и 199/23), е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли предметната Иницијатива, односно да донесе решение за неповедување постапка за оценување на уставноста на овој член од Законот.

## Точка 74

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Иницијативата поднесена од Адвокатско друштво Поленак од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.273/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста на членот 7 ставови 3 и 4 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија" бр.24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16, 178/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.251/22) и Автентичното толкување на членот 7 ставови 2, 3 и 4 од истиот закон, објавено во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.168/24, поради потребата Министерството за финансии во соработка со Секретаријатот за законодавство да достави заедничко мислење по истата.

## Точка 75

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Иницијативата поднесена од Друштво за приредување интернет игри на среќа Државна лотарија - Моззарт ДОО Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.274/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста на членот 7 став 3 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија" бр.24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16, 178/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.251/22) и Автентично толкување на членот 7 ставови 2, 3 и 4 од истиот закон, објавено во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.168/24, поради потребата Министерството за финансии во соработка со Секретаријатот за законодавство да достави заедничко мислење по истата.

Точка 76

1. Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во два дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување на директор на Казнено поправна установа Казнено поправен дом Прилеп.

2. Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во два дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување на заменик директор на Казнено поправна установа Казнено поправен дом Прилеп.

3. Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во два дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување на директор на Казнено поправна установа Затвор Куманово со отворено одделение во Крива Паланка.

4. Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во два дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување на заменик директор на Казнено поправна установа Затвор Куманово со отворено одделение во Крива Паланка.

5. Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во два дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување на директор на Казнено поправна установа Затвор Битола.

6. Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во два дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување на директор на Казнено поправна установа Затвор Струмица.

7. Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во два дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување на директор на Казнено поправна установа Казнено поправен дом од отворен вид Струга.

8. Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во најмалку два дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување на директор на Казнено поправна установа Затвор Скопје.

9. Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија, од кои еден од весниците што се издаваат е на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од

граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за именување на заменик директор на Државниот завод за индустриска сопственост.

10. Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Македонија, од кои еден од весниците што се издаваат е на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за именување на заменик директор на Управата за финансиска полиција.

11. Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во три дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за именување на директор на Агенција за промоција и поддршка на туризмот на Република Северна Македонија.

12. Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да да објави јавен оглас во три дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за избор на директор на Државниот испитен центар.

13. Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во три дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за избор на заменик директор на Државниот испитен центар.

14. Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да да објави јавен оглас во најмалку два дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување на еден член на Регулаторната комисија за домување.

15. Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во три дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за именување на директор на Педагошката служба.

16. Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во три дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за именување на заменик на директор на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

17. Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во три дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за именување на заменик на директор на Дирекција за технолошки индустриски развојни зони.

18.Владата го разреши Меџит Емрули од должноста заменик на директорот на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи.

19.Владата го разреши Измит Нура од должноста заменик на директорот на Агенцијата за иселеништво на Република Северна Македонија.

20.Владата го раџреши Блерим Сулејмани, од должноста вршител на должноста заменик на директорот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, на негово барање.

20.1 Владата го именува АзизМаксути за вршител на должноста заменик на директорот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и истовремено му утврди коефициент за пресметување на платата.

21.Владата ја именува Ивана Гиновска, досегашен вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за животна средина, орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање, за вршител на должноста Државниот инспекторат за животна средина и истовремено и утврди коефициент за пресметување на платата.

22.Владата го разреши Влатко Стојкоски од должноста вршител на должноста директор на Државниот пазарен инспекторат, орган во состав на Министерството за економија и труд.

22.1Владата го именува Влатко Стојкоски за директор на на Државниот пазарен инспекторат, орган во состав на Министерството за економија и истовремено му утврди коефициент за пресметување на платата.

23. Владата го разреши Кирил Лазов од должноста вршител на должноста директор на Државниот санитарен и здравствен инспекторат, орган во состав на Министерството за здравство.

23.1 Владата го именува Кирил Лазов за директор на Државниот санитарен и здравствен инспекторат, орган во состав на Министерството за здравство и истовремено му утврди коефициент за пресметување на платата.

24.Владата го разреши Фикрет Шабани од должноста вршител на должноста директор на Управата за еоектронско здравство, орган во состав на Министерството за здравство.

24.1 Владата го именува Фикрет Шабани за директор на Управата за еоектронско здравство, орган во состав на Министерството за здравство и истовремено му утврди коефициент за пресметување на платата.

25.Владата го разреши Илија Стоилев од должноста вршител на должноста директор на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој.

25.1 Владата го именува Илија Стоилев за директор на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој и истовремено му утврди коефициент за пресметување на платата.

26.Владата го разреши Гранит Османи од должноста вршител на должноста директор на Агенцијата за примена на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија.

26.1 Владата го именува Гранит Османи за директор на Агенцијата за примена на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија и истовремено му утврди коефициент за пресметување на платата.

27.Владата го разреши Амет Зибери од должноста вршител на должноста заменик на директорот на Агенцијата за катастар на недвижности.

27.1 Владата го избра Амет Зибери, за заменик на директорот на Агенцијата за катастар на недвижности и истовремено му утврди коефициент за пресметување на платата.

28.Владата го разреши Горан Рафајловски од должноста претседател на Советот за унапредување и надзор над сметководствената професија на Република Северна Македонија, на негово барање.

29. Владата ја разреши Арјета Чајлани од должноста член на Националната комисија за учебници од основните и средните училишта од редот на наставниците, на нејзино барање.

29.1 Владата ја именува Фатмире Балажи за член на Националната комисија за учебници од основните и средните училишта од редот на наставниците.

30.Владата го разреши Јумни Адеми од должноста член на Управниот одбор на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот, на негово барање поради постоење на состојба на судир на интереси.

31.Владата го именува Ирфан Одаи за член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје, ц.о.

32. Владата го именува Самет Зибери, за член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје.

33.Владата за членови на Управниот одбор на Јавното претпијатие за стопанисување со државните шуми „Нациналии шуми" П.О Скопје ги именува:

-Нурдан Брава Камбери и
-Алија Камбероски

34. Владата за членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро - берза - Скопје, ги именува:

-Игор Трајковски
-Анета Коруноска

35. Владата за членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за државни патишта ги именува:

-Ирена Сотироска
-Скендер Османи
-Јусуф Иљази

36. Согласно член 18 став 1 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија" бр. 96/18 „Службен весник на Република Северна Македонија" 96/19, 236/22, 134/24 и 147/24) Владата заклучи да му предложи на Собранието на Република Северна Македонија, за членови на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги и услуги на управување со комунален отпад на Република Северна Македонија да ги именува:

-Ирфан Шаќири и
-Атанаско Тунески.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието на Република Северна Македонија се определуваат Сања Божиновска, министер за енергетика и минерални суровини и Мирослав Лабудовиќ, заменик на министерот за енергетика и минерални суровини.

## Точка 77

**1**.Владата ја разгледа Информацијата за склучување на спогодба за плаќање на рати и ослободување од камата по правосилната и извршна Пресуда на Основниот граѓански суд Скопје 52 ТС.бр.61/22 од 26.5.2023 година, во судскиот спор по тужба на тужителот Цементарница Усје АД Скопје против тужените Република Северна Македонија и Република Северна Македонија-Министерство за финансии, ја усвои и ги задолжи м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт и Државното правобранителство на Република Северна Македонија веднаш да преземат дејствија и активности во насока на водење на преговори со доверителот Цементарница Усје АД Скопје заради склучување на спогодба за плаќање на долгот на рати, како и евентуално делумно или целосно ослободување од плаќање на износот на пресметаната законска казнена камата, а врз основа на правосилната и извршна Пресуда на Основниот граѓански суд Скопје 52 ТС.бр.61/22 од 26.5.2023 година, во судскиот спор по тужбата на тужителот Цементарница Усје АД Скопје против тужените Република Северна Македонија и Република Северна Македонија-Министерство за финансии и во рок од три дена да ја информираат Владата за исходот од водените преговори.

**2**.Владата заклучи на ракометарите од ракометната репрезентација на Македонија, кои настапија на Светското првенство во ракомет што се одржа во Република Хрватска, да додели 3 милиони денари, за што Министерството за финансии во најкус можен рок да подготви одлука која да се смета за донесена на оваа седница на Владата.

**3.**Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем во врска со Конечните извештаи за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Управата за хидрометереолошки работи (сметка на основен буџет 637, сметка на буџет на донации 785, сметка на буџет од самофинансирачки активности 787 и сметка на основен буџет 631) ја информираше Владата во однос на системот на заштита од елементарна непогода (град) со градобијни ракети кој е напуштен и предложи да се разгледа можноста да се користат авионите на Дирекцијата за заштита и спасување откако претходно ќе се прилагодат за посејување на сребрен нитрат.

**4**.Владата го задолжи Министерството за економија и труд до Владата да достави Информација со Предлог-решение за определување на членови на Комисијата за утврдување на репрезентативноста, која да се разгледа на наредната седница на Владата.

**5**.Владата заклучи:

1)Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија во рок од 30 дена до Владата да достави Предлог-одлука за формата и содржината на придружното писмо и меморандумот за подготвување и доставување на материјали во владина постапка со упатства за нивно пополнување.

2)Се задолжува Министерството за финансии во рок од 30 дена до Владата да достави Предлог-одлука за формата и содржината на Образецот за проценка на фискалните импликации на предлог прописите и општите акти доставени до Владата на Република Северна Македонија за нивно усвојување со упатство за негово пополнување.

3)Се задолжува Министерството за европски прашања во соработка со Секретаријатот за законодавство, во рок од 30 дена до Владата да достави Предлог-одлука за востановување на ознака на прописите на Европската Унија во законите со кои се врши усогласување со правото на Европската

Унија и Предлог-одлука за востановување на ознака на прописите на Европската Унија во подзаконските прописи со кои се врши усогласување со правото на Европската Унија.

4)Се задолжува Министерството за европски прашања во соработка со Секретаријатот за законодавство, во рок од 30 дена до Владата да достави Предлог-одлука за формата и содржината на Изјавата за усогласеност на прописот со законодавството на Европската Унија, Кореспондентната табела формулар МКД-ЕУ и формулар ЕУ-МКД со упатства за нивно пополнување и мислење на Секретаријатот за законодавство за Изјавата за усогласеност на прописот со законодавството на Европската Унија со кореспондентната табела на прописот.

5)Се задолжува Министерството за јавна администрација до крајот на мај 2025 година до Владата да достави:

- Предлог-методологија за проценка на влијанието на регулативата;
- Предлог-одлука за формата и содржината на Извештајот за проценка на влијанието на регулативата и упатство за негово пополнување и
- Предлог - упатство за начинот на постапување во работата на министерствата во процесот на спроведување на проценка на влијанието на регулативата.

6)Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија до крајот на мај 2025 година до Владата да достави:

- Предлог-методологија за стратешко планирање;
- Предлог-методологија за начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските стратегии и
- Предлог-упатство за структурата, содржината и начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските стратегии.

**6**.Владата, на предлог на д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, ги задолжи Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за локална самоуправа, Министерството за правда, Министерството за транспорт, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука, Министерството за дигитална трансформација, Министерството за европски прашања, Министерството за внатрешни работи, Министерството за економија и труд, Министерството за финансии, Министерството за односи меѓу заедниците и Министерството за култура и туризам, да ги доставуваат сите информации до Кабинетот на министерот без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, за сите проекти кои што се поврзани со Стратегијата, со цел соработка и координација со Кабинетот на министерот без ресор.

<u>Точка 78</u>

Владата ја разгледа Информацијата за одржаниот осумнаесетти Поткомитет за правда, слобода и безбедност меѓу Република Северна Македонија и Европската унија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација кој се одржа на 5 и 6 март 2024 година во Скопје, со прилог, како материјал за информирање.

<u>Точка 79</u>

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работењето на Железници на Република Северна Македонија – Транспорт А.Д. – Скопје, за период 1.10.2023 – 31.12.2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 80**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работењето на Железници на Република Северна Македонија – Транспорт АД – Скопје, за период од 1 јануари до 31 март 2024 година, со дополнување, како материјал за информирање.

**Точка 81**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работењето на Железници на Република Северна Македонија–Транспорт АД Скопје за периодот 1.4.–30.6.2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 82**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работењето на Железници на Република Северна Македонија–Транспорт АД Скопје за периодот 1.7.–30.9.2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 83**

Владата го разгледа Акцискиот план по Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност „Користење на здравствени услуги за радиолошка дијагностика со магнетна резонанса", како материјал за информирање.

**Точка 84**

Владата ја разгледа Информацијата за кадровската екипираност на инспекциските служби во Република Северна Македонија, со План за доекипирање за периодот 2025 – 2026 година како материјал за информирање.

**Точка 85**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 26 февруари 2025 година до 4 март 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 86**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 25 февруари 2025 година до 4 март 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

## Точка 87

Владата го разгледа Извештајот за завршени преговори за усогласување на текстот на Спогодбата меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Азербејџан за ослободување од визи на носителите на дипломатски и службени пасоши, со усогласен текст на Спогодба и го усвои Извештајот, со следните заклучоци:

1.Го прифати усогласениот текст на Спогодбата меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Азербејџан за ослободување од визи на носителите на дипломатски и службени пасоши.

2.Се определува д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, во име на Владата на Република Северна Македонија, да ја потпише Спогодбата меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Азербејџан за ослободување од визи на носителите на дипломатски и службени пасоши.

Исто така, потребно е Министерството за надворешни работи и надворешна трговија да го достави текстот на Спогодбата и на азербејџански јазик.

## Точка 88

Владата го разгледа Извештајот за завршени преговори за склучување на Спогодбата меѓу Република Северна Македонија и Европската инвестициска банка во однос на основањето на претставништво на Европската инвестициска банка во Северна Македонија, со усогласен текст на Спогодба и го усвои Извештајот со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Спогодбата меѓу Република Северна Македонија и Европската инвестициска банка во однос на основањето на претставништво на Европската инвестициска банка во Северна Македонија.

2. Се определува д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, во име на Владата на Република Северна Македонија да ја потпише Спогодбата меѓу Република Северна Македонија и Европската инвестициска банка во однос на основањето на претставништво на Европската инвестициска банка во Северна Македонија.

## Точка 89

Владата ја разгледа Одлуката за утврдување на цената за базата на прописи во електронска форма преку мобилна апликација, на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија ц.о. Скопје, со Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на цената за базата на прописи во електронска форма преку мобилна апликација, на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија ц.о. Скопје.

## Точка 90

Владата ја разгледа Информацијата за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија, со предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (КП бр.1664/7).

2. Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (КП бр.1666/1).

3. Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (КП бр.1664/1, КП бр.1664/7 и КП бр.1664/8).

4. Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (КП бр.1664/5).

5. Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (КП бр.5981/1).

6. Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (КП бр.5976/1).

7. Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (КП бр.5980/1).

8. Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (КП.бр.5974/1, КП бр.5974/2 и КП бр.5974/3).

**Точка 91**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на времено користење на движна ствар на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија (патничко моторно возило – мерцедес).

**Точка 92**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на времено користење на движна ствар на Министерство за внатрешни работи - Биро за јавна безбедност.

**Точка 93**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на времено користење на движна ствар на Министерство за правда-Управа за извршување на санкциите.

**Точка 94**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Дирекција за технолошки индустриски развојни зони.

**Точка 95**

Владата ја разгледа и усвои Информацијата за подготовка на придонес кон Извештајот на Европската комисија за 2025 година.

**Точка 96**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на подготовка на првото известување за имплементација на Реформската агенда 2024-2027 со барање за ослободување на средства, со прилози и усогласен текст на План и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за финансии, Министерството за економија и труд и Министерството за правда, до Министерството за европски прашања да достават коригирани табели (фишеа) и документација за чекорите од Реформската агенда 2024-2027 со рок на реализација декември 2024 година (продолжен рок заклучно со 28 февруари 2025 година), согласно коментарите доставени од Министерството за европски прашања, најдоцна до 12 март 2025 година до 12 часот.

2. Се задолжуваат Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, Министерството за дигитална трансформација, Министерството за економија и труд, Министерството за финансии, Министерството за транспорт и Министерство за правда, најдоцна до 12 март 2025 година до 12 часот, да постапат по коментарите (пратени преку е-пошта на 11 март 2025 година) од Министерството за европски прашања за статусот на реализација на чекорите од Реформската агенда со рок јуни 2025 година и да ги достават до Министерството за европски прашања.

3. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, Министерството за јавна администрација, Министерството за економија и труд, Министерство за правда, Министерство за социјална политика, демографија и млади, врз основа на Барањето доставено од страна на Министерството за европски прашања на 17 февруари 2025 година, да достават придонес за подготовка на Годишниот извештај за спроведување на Реформската агенда 2024-2027 до Министерството за европски прашања најдоцна до 12 март 2025 година до 12 часот.
4. Се задолжуваат сите институции од заклучоците под број 1, 2 и 3 да бидат достапни на Министерството за европски прашања во текот на 12 и 13 март 2025 година за евентуални дополнителни консултации со цел финализирање на пакетот за Реформската агенда кој треба да се достави до Европската комисија, најдоцна до 14 март 2025 година.

5. Го усвои Планот за комуникација и видливост на Планот за раст за Западен Балкан и Реформската агенда 2024 - 2027 на Северна Македонија и го задолжи м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања и национален координатор за Инструментот за реформи и раст, да го достави Планот до Европската комисија, најдоцна до 14 март 2025 година.

<u>Точка 97</u>

Владата ја разгледа Информацијата за изменување и дополнување на Уредбата за спроведување на Царинскиот закон, со Предлог - уредба, ја усвои Информацијата и ја донесе Уредбата со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

<u>Точка 98</u>

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од зголемување на платите на работниците во Министерството за внатрешни работи и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да изврши зголемување на платите на работниците во Министерството за 10 % на начин што Министерството за внатрешни работи ќе изврши изменување на Решение бр. 17-106149/1 од 1.10.2024 година, со кое се утврдува аконтативна вредност на бодот и износот за линеарно зголемување на платите на работниците на Министерството за внатрешни работи, што ќе отпочне да се исплаќа со платата за март 2025 година.

2. Се задолжува Министерството за финансии при подготовка на изменувањето и дополнувањето на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, да ги обезбеди потребните финансиски средства во износ од 600.000.000 денари.

**Точка 99**

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на работна група за преземање конкретни активности во врска со препораките во Мислењето од Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, за утврдена директна дискриминација врз основа на етничка припадност, социјално потекло и имотен статус во областа на домување и социјална заштита, кон жителите на населбата Тунел-бараки во Општина Велес, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за формирање на Работна група за преземање конкретни активности во врска со препораките во Мислењето од Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, за утврдена директна дискриминација врз основа на етничка припадност, социјално потекло и имотен статус во областа на домување и социјална заштита, кон жителите на населбата Тунел-бараки во Општина Велес.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15.20 часот.

Генерален секретар на Владата
на Република Северна Македонија

Игор Јанушев

Заменик на претседател на Владата
на Република Северна Македонија

Љупчо Димовски

Подготвил:м-р Марија Арсова – Лазаревска, советник
Проверил: Катерина Јаневска/Никола Пасков, рак. на одделение
Контролирал: м-р Стојанчо Радичевски
Согласен: Снежана М.Пендовски, државен советник
Зоран Брњарчевски, раководител на сектор